# ГЕФ ПМГ Национална Програмска Стратегија за Оперативна фаза 6 – ОФ 6 2015-2018

## ДРЖАВА: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, април 2016

# СОДРЖИНА

Acronyms Акроними (кратенки) ... 4
1. ПМГ национална програма – Краток преглед ... 7
2. Одредени сегменти на националната ПМГ програма ... 9
3. Стратешки насоки во ОФ6 ... 14
4. Рамка на очекувани резултати ... 20
5. План за Следење и Оценување (С&О) ... 28
7. План за управување со ризици ... 32
8. Одобрување од Националниот Управувачки Комитет ... 34

**ACRONYMS АКРОНИМИ (КРАТЕНКИ)**

ABS – Протокол од Нагоја за пристап и распределба на придобивки
ACR (НГИ) – Национален Годишен Извештај
AMR (ГИМ) – Годишен Извештај од Мониторинг
ACQNC – Области квалификувани како области со природни ограничувања
CBD (КБР) – Конвенција за биолошка разновидност (биодиверзитет)
CPS (НПС) – Национална Програмска Стратегија на ГЕФ ПМГ
CSOs (ГО) – Граѓански Организации (или НВО – невладини организации)
FAO (ФАО) – Организација за исхрана и земјоделство на ОН
GEF (ГЕФ) – Глобален Еколошки Фонд
IAPs – Пилот Проекти за Интегриран Пристап
ICCAs – Автохтоно население и локално заштитени територии и области
С&О – Следење и Оценување
МЗШВ – Министерство за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство
MASIS – Македонски Почвен Информациски Систем
МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање
МОН - Министерство за Образование и Наука
NAMA - UNFCCC Национално соодветни активности за ублажување
NAP - UNCCD – Национални Акциони Програми
NAPA - UNFCCC – Национални Адаптивни Планови за Акција
NBSAP – Национална Стратегија и Акционен План за Биолошка Разновидност
NC (НК) – Национален Координатор на ГЕФ ПМГ
NCSA - GEF – Национална само-евалуација на капацитетот
NIPSC – Национален план за имплементација на Стокхолмската Конвенција за ПоП-с
NPFE – GEF 6 – Вежба за формулација на националното портфолио
NPFEs – Вежби за формулација на националното портфолио
NSC (НУК) – Национален Управувачки Комитет на ГЕФ ПМГ
OP (ОФ) – Оперативна фаза на ГЕФ
PA (ПА) – Програмски Асистент на ГЕФ ПМГ
POPs (ПОПс) – Неразградливи Органски Загадувачи
PRA (ПРА) – Проценка на Резултатите и Активностите
SAP (САП) – Стратешка Акциска Програма
SAPs (САП-и) – Стратешки Акциски Програми
SDC – Швајцарска Агенција за Развој и Соработка
SEPLs – Социо-еколошки индикатори за отпорност на продуктивни предели
SES - UNDP's – Социјални и еколошки стандарди
SESP- Социјални и еколошки процедури на оценување
SGP (ПМГ) – Програма за мали грантови
CTMP- Централен тим за менаџмент на програмата (за Мали грантови) - ЦТМП
SNV – Холандска Организација за Развој
TDA – Прекугранична Дијагностичка Анализа
TRAC- Тематски извори од основиот буџет
UNCCD – Конвенција на ОН за борба против опустинувањето
UNDP – Програма за развој на ОН
UNEP – Програма на ОН за животна средина
UNFCCC – Рамковна Конвенција на ОН за климатски промени
WB (СБ) – Светска Банка

**ДРЖАВА [МАКЕДОНИЈА]**

**ОФ6 средства (проценети во американски долари УСД)**[1]

a. **Основни средства: 375,000**
b. **Преостанат дел од буџетот за ОФ5: 10,089**
c. **STAR 6 Фонд: [ќе бидат потврдени]**
d. **Други фондови за мобилизација: [ќе бидат потврдени]**

## ИСТОРИЈА

Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) е основан во октомври 1991 година, со цел да ја поддржи заштитата на глобалната животна средина и да промовира одржлив развој на животната средина, преку обезбедување финансиска и техничка поддршка на оние земји квалификувани како подобни за спроведување на проекти корисни за глобалната животна средина. Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), Програмата за животна средина на ОН (UNEP) и Светската банка (WB) беа трите почетни партнери. На Самитот за Планетата Земја одржан во Рио де Жанеиро, во 1992 година, ГЕФ беше реконструиран во финансиски механизам, истовремено и за Конвенцијата на ОН за биолошка разновидност (биодиверзитет) и за Рамковната конвенција на ОН за климатски промени. Последователно, ГЕФ, исто така, беше избран да служи како финансиски механизам за уште три меѓународни конвенции: Стокхолмската Конвенција за неразградливи органски загадувачи (2001), Конвенцијата на ОН за борба против опустинувањето и Конвенцијата од Минамата за жива (2013). ГЕФ ги поддржува проектите за биолошка разновидност, климатски промени, меѓународни води, деградација на почвата, озонска обвивка и за неразградливите органски загадувачи. Овие проекти ги поврзуваат локалните, националните, и глобалните еколошки предизвици, додека истовремено промовираат одржливи живеалишта. Соединувајќи 182 земји членки, ГЕФ тесно соработува со владите, граѓанските организации (ГО), секретаријатите на конвенцијата, како и со разни меѓународни агенции. За ГЕФ е особено важна соработката со граѓанските организации, бидејќи нивните проекти и политики имаат огромна корист од разновидноста на мислења, искуства и перспективи. Тој се разви во ефикасен и транспарентен ентитет со забележан цврст учинок фокусиран на резултати.

Програмата за мали грантови (ПМГ) е основана во 1992 година, како корпоративна програма на ГЕФ, со цел да придонесе за заштита и обнова на животната средина преку поддршка на локалното население и промовирање на локални активности кои ќе одржуваат фина рамнотежа помеѓу социјалните, економските и еколошките императиви. ПМГ ја признава деградацијата на животната средина, како што се уништувањето на екосистемите и видовите кои зависат од нив, зголемувањето на нивото на јаглерод диоксид и други стакленички гасови во атмосферата, загадувањето на меѓународните води, деградацијата на почвите и ширењето на неразградливи органски загадувачи, се предизвици опасни по живот и кои нè загрозуваат сите нас. Историјата на ПМГ може да се проследи

[1] Нивото на средства од ПМГ ОФ6 е проценетиот вкупен износ од: (i) распределбата на основниот грант од ГЕФ6 (да се ревидира еднаш годишно од страна на ЦТМП врз основа на перформансот, од кофинансирање и стратешките партнерства, изразените стапки на посветеност на НУК, и учинокот на УНОПС; (ii) одобрените средства од страна на СТАР (STAR); како и (iii) други извори од споделувањето на трошоци и кофинансирање со/од трети страни (државно, регионално и/или глобално ниво). Земете предвид дека од земјите кои имаат остаток од буџетот за ОФ5, а кои не се “pipelined” (вклучени во тековниот процес), ќе се очекува да ги користат оние буџети согласно стратешкиот пристап на ОФ6 со цел да бидат доследни во поглед на програмирањето на ПМГ и очекуваните резултати.

преку пилот и пет последователни оперативни фази (ОФ), кои соодветствуваат со обезбедените финансиски средства од ГЕФ, како процес на глобално и локално адаптивно управување. Како корпоративна програма на ГЕФ, ПМГ ги усогласува своите стратегии за оперативните фази со оние на ГЕФ, а обезбедува голем број демонстративни проекти за понатамошно зголемување, репликација и рамноправност. Дејствувањето на локално ниво од страна на граѓанските организации, локалното население и локалните заедници се сметаат за витална компонента на Стратегијата 20/20 на ГЕФ (т.е. свикување сојузи со повеќе засегнати чинители за да обезбедат глобална еколошка корист и да придонесат за стратешкиот план на УНДП и фокусирање на одржливиот развој) [2]. На глобално ниво, целта на програмата на ПМГ во ОФ6 е „ефективна поддршка во креирање глобална еколошка корист и заштита на глобалната животната средина преку локални решенија кои ги надополнуваат и додаваат вредност на активностите на национално и глобално ниво“.

Целта на овој документ е да обезбеди Национална програмска стратегија (НПС) за спроведување на Оперативната фаза 6 (ОФ6) од Програмата за мали грантови (ПМГ) на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) во Република Македонија во период од 3 години, која започнува во 2016 година, а завршува во 2018. НПС е динамичен документ и ќе биде предмет на редовен преглед и ажурирање, промени и корекции во согласност со стратешките цели и достигнувања од резултатите и целите на ГЕФ ПМГ.

[2] Иницијалниот концепт на ПМГ ОФ6 е вграден во стратешките насоки за целокупниот надомест од ГЕФ-6, а последователно одобрен преку документот на Советот на ГЕФ: “ГЕФ Програма за мали грантови: Распореди за имплементација на ГЕФ-6“ (GEF/C.46/13) во мај 2014 година

## 1. ПМГ НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА – КРАТОК ПРЕГЛЕД

Табела 1. Број на проекти и портфолио по Централни области, за ПМГ Македонија ОФ3 & ОФ4 & ОФ5 (2005 – 2015)

| Централни област на ГЕФ | % | Број на проекти | ВКУПНО US$ | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно | ГЕФ ПМГ | Кофинансирање |
| Биолошка разновидност | 32 | 41 | 1,428,377 | 637,122 | 791,255 |
| Климатски промени | 44 | 36 | 1,899,776 | 879,123 | 1,020,653 |
| Меѓународни води | 6 | 6 | 276,911 | 121,180 | 155,731 |
| Деградација на почвите | 2 | 2 | 59,518 | 29,159 | 30,359 |
| Хемикалии/ПОП-с | 9 | 9 | 378,811 | 183,667 | 195,144 |
| Мулти-централна области | 7 | 6 | 267,812 | 144,271 | 123,541 |
| ВКУПНО | 100 | 100 | 4,311,205 | 1,994,522 | 2,316,683 |

(а) Најважните национални резултати и постигнати успеси се во областа на биолошката разновидност, климатските промени и влијанието на националната политика. Проектите за биолошка разновидност беа насочени кон заштита на 13 глобално значајни видови.[3] Три проекти беа имплементирани за промовирање на заштита и одржување на локалната средина во значително важни области на биолошка разновидност преку развој на одржлив туризам и менаџмент (кањонот Матка, Вевчанските извори и Смоларскиот водопад). Практиките за климатски промени се воведени преку енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. Практиките за енергетска ефикасност се претставени преку замена на старите светилки со енергетско ефикасни светилки во 8 урбани населби и 40 енергетско ефикасни објекти и нивна реконструкција. Беа имплементирани неколку проекти за обновливи енергетски технологии (сончеви сушари, сончеви грејачи, користење на геотермални води и прво производство на биодизел). Практиките за еколошки одржлив транспорт беа воведени со формирање на првиот систем на изнајмување велосипеди во Скопје. Неколку проекти беа спроведени за намалување на органски, хемиски/ПОПс и загадувачи во земјоделството. Најчесто се креираат, спроведуваат и одржуваат проектите во рамки на агро-биолошката разновидност (овци Праменка, говеда Буша, македонска медоносна пчела, овчарско куче Шарпланинец) и климатските промени (енергетски ефикасни улични светилки, образовни објекти, загревање на водата на сончева енергија).

(б) Под влијание на програмата, беа прилагодени 27 локални и национални политики. Под влијание на проектите за биолошка разновидност, дополнително беа воведени државни средства и субвенции за заштита на видот од расата овци Праменка, овчарското куче Шарпланинец, локалната раса домашен бивол и старата раса говеда Буша. Беа повторени два проекта за расата говеда Буша, три за автохтоната раса овци Праменка и две за расата Овчеполка. Клучна лекција е дека невладините организации и локалната самоуправа може успешно да соработуваат во областа на екологијата, економијата, родова застапеност и невработеноста, во реинвестирање итн.

1.2 Генерално, ГЕФ ПМГ Македонија е во неповолна ситуација, како еден од ретките актери за обезбедување директна поддршка на невладиниот сектор за активности во согласност со животната средина и одржливиот начин на живот. Националната и владина поддршка (Министерството за животна средина и просторно планирање - МЖСПП, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - МЗШВ, Министерството за образование и наука – МОН итн.) за прашањата на НВО и за животната средина е ограничен. Другите донатори, односно SDC, УСАИД и ГИЗ во нивните еколошки пристапи обезбедуваат поддршка на поопшто, национално и владино ниво. Сепак, постои

[3] Локални раси овци Праменка – Овчеполка, овчарско куче Шарпланинец, домашен бивол, локална раса говедо Буша, автохтона македонска пчела – Apis mellifera macedonica, македонска речна пастрмка – Salmo macedonicus, локални сорти јаболка и круши, речна риба Вретенар Vretenar Zingel, домашна сребрена кокошка, кралски папрат од видовите Osmunda regalis, загрозени видови на лилјаци, жолт локвањ – Nuphar luteum.

потенцијал за ГЕФ ПМГ делумно да соработува со проектот на SDC во делот на природа и новиот UNDP CO IPA проект за биолошка разновидност и поддршка од здруженијата на граѓани.

1.3. Претходните проекти и искуство може да послужат како основа за ефикасно спроведување на насоките на ПМГ во ОР6. ГЕФ ПМГ успешно ги промовира партнерството, соработката, имплементацијата и проектите на кофинансирање со други засегнати страни, што резултираше со придонес од $ 2,316,683 УСД за кофинансирање на проекти. Главните партнери на кофинансирање беа локалните власти, Британската амбасада во Скопје, Milieukontakt International, Австриската агенција за развој и Холандската организација за развој (SNV).

## 2. ОДРЕДЕНИ СЕГМЕНТИ НА НАЦИОНАЛНАТА ПМГ

На глобално ниво, во својата 6-та Оперативна фаза (ОФ6), програмската цел на ПМГ е "**ефикасна поддршка во креирањето на глобална еколошка корист и заштита на глобалната животна средина преку решенија на заедницата и локални решенија кои ја дополнуваат и додаваат вредноста на националната и глобалната акција**". ГЕФ ПМГ има дефинирано седум клучни стратешки насоки[4] кои го водат процесот на подготовка на ОФ6 од Националната програмска стратегија и ги насочуваат земјите во постапката на приоритизација и селекција врз основа на националните приоритети и капацитети.

### 2.1. Усогласеност со националните приоритети

Република Македонија, како мала по големина земја, се смета како еден предел во проектите на распределба на грантови. Од изготвените национални стратешки документи, извештаи и неколку ратификувани конвенции на ОН, произлезе идната рамка за националните еколошки приоритети и обврски на краток, среден и долгорочен период.

Табела 2. Листа на релевантни конвенции и национални/регионални планови или програми

| Конвенции од Рио + рамки за национални планови | Датум на ратификација/извршување |
|---|---|
| Конвенција на ОН за биолошка разновидност (CBD)<br>https://www.cbd.int/information/parties.shtml | Ратификувана на 02 декември 1997 |
| CBD Национална стратегија и акциски план за биолошка разновидност (NBSAP)<br>https://www.cbd.int/doc/world/mk/mk-nbsap-01-en.pdf<br>Од првиот до петтиот национален извештај<br>https://www.cbd.int/reports/search/?country=mk | Усвоени на 19 јануари 2004<br>јули 2003, мај 2005, ноември 2005, јули 2010, октомври 2014 |
| Национален акционен план за Програмата за работа на заштитени подрачја<br>https://www.cbd.int/doc/world/mk/mk-nbsap-powpa-en.pdf | Усвоен на 12 јуни 2012 |
| Протокол од Нагоја за пристап и распределба на добивки (ABS)<br>https://www.cbd.int/abs/nagoya-protocol/signatories/ | Не е потпишан |
| Рамковна конвенција на ОН за климатски промени (UNFCCC)<br>http://unfccc.int/essential_background/convention/status_of_ratification/items/2631.php | Ратификувана на 28 јануари 1998<br>Стапи во сила на 28 април 1998 |
| 1ва UNFCCC Национална комуникација<br>http://klimatskipromeni.mk/content/Documents/FNC_MK.pdf<br>2ра UNFCCC Национална комуникација<br>http://klimatskipromeni.mk/content/Documents/Second%20National%20Communication%20on%20Climate%20Change(1).pdf<br>3та UNFCCC Национална комуникација<br>http://klimatskipromeni.mk/content/Documents/TNP_ANG_FINAL.web.pdf | 01 март 2003<br>02 декември 2008<br>03 март 2014 |
| Прв двогодишен ажуриран Извештај за климатски промени<br>http://klimatskipromeni.mk/Default.aspx?LCID=300<br>Наменети национално определени придонеси (INDC)<br>http://klimatskipromeni.mk/Default.aspx?LCID=302 | 26 февруари 2015<br>05 август 2015 |
| Конвенција на ОН за борба против опустинувањето (UNCCD)<br>http://www.unccd.int/en/regional-access/Pages/countries.aspx?place=137 | Ратификувана на 06 март 2002<br>Стапи во сила на 06 јуни 2002 |
| UNCCD Национални акциски програми (NAP)<br>http://unep.mk/about_unccd.htm | мај 2006<br>Новите се прифатени од УНЕП февруари 2016 се очекува да бидат ратификувани |
| Стокхолмска Конвенција за неразградливи органски загадувачи (ПОПс)<br>http://chm.pops.int/Countries/StatusofRatifications/PartiesandSignatoires/tabid/4500/Defau | Потпишана на 23 мај 2001<br>Ратификувана на 27 May 2004 |

[4] Зачувување на пределите на локално ниво, климатско прикладни агро-еколошки практики, придобивки од пристап до ниско јаглеродна енергија, локални со глобални коалиции за ракување со хемикалии, дијалог за политики и планови помеѓу здруженијата граѓани (НВО) и Владата, промовирање на социјална инклузија (родова еднаквост, вклучување на младите, и стипендии за автохтоното население), платформи за размена на глобално знаење/умеење (електронски библиотеки на локалните иновации и иницијативи и размена на иновации и знаење)

| | |
|---|---|
| lt.aspx | Стапи во сила на 25 август 2004 |
| Национален план за имплементација (NIP)<br>http://www.pops.int/documents/implementation/nips/submissions/macedonia.pdf<br>http://airquality.moepp.gov.mk/airquality/wp-content/uploads/2012/10/NAP-of-the-three-last-CLRTAP-protocols.pdf<br>http://ozoneunit.gov.mk/pops/NIP_POPs_Macedonia_2014.pdf | 2004<br>март 2010<br>јануари 2014 |
| Национален акционен план за ратификација и имплементација на протоколот за тешки метали, протоколот за ПОПс и Протоколот од Гетеборг кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот<br>http://airquality.moepp.gov.mk/airquality/wp-content/uploads/2012/10/NAP-of-the-three-last-CLRTAP-protocols.pdf | март 2010 |
| НАП за заштита од загадување на воздухот во Р. Македонија 2013 – 2018<br>http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalen-plan-za-zastita-na-vozduhot-2013-2018.pdf | декември 2012 |
| Стратешки документ за намалување на сиромаштијата (PRSP)<br>http://siteresources.worldbank.org/INTPRS1/Resources/Country-Papers-and-JSAs/macedonia_iprsp.pdf | 10 ноември 2000 |
| ГЕФ Национална само-проценка на капацитетите (NCSA)<br>http://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/environment-energy/integrating_environmentintodevelopment/ncsa-final-reports--action-plans-and-ccr.html | април 2005 |
| ГЕФ-6 Вежба за формулација на националното портфолио (NPFE) | н/д |
| Конвенција од Минамата за жива<br>http://www.mercuryconvention.org/Countries | Ратификувана на 25 јули 2014 |
| Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија<br>http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NSSD-1-EN.pdf<br>http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NSSD-2-EN.pdf | февруари 2008 |
| Национална стратегија за енергетски развој во Република Македонија до 2030 година<br>http://weg.ge/wp-content/uploads/2013/05/Macedonia-Energy-Strategy-2010-2030.pdf | 2010 |
| Национална стратегија за води<br>http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/MACEDONIAN-WATER-STRATEGY-FINAL-DRAFT-VERSION_10092011_EN.pdf | 2010 |
| Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за период 2014-2020<br>http://www.mzsv.gov.mk/NSZRR%202014-2020.pdf | декември 2014 |
| Стратегија за управување со отпад во Република Македонија (2008 – 2020)<br>http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Final-Strategija-za-otpad-mak.pdf | март 2008 |
| Национален план за органско производство 2013-2020<br>http://www.mzsv.gov.mk/files/National%20Plan%20for%20Organic%20Production_2013%20-%202020.pdf | декември 2013 |
| Стратегија за Ромите во Република Македонија<br>http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/roma_strategy.pdf | декември 2004 |
| Акционен план за вработување на младите 2015<br>http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/policy/wcms_195196.pdf | 2012 |
| Национална стратегија за вработување 2010<br>http://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/strategija.pdf | декември 2006 |
| Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012- 2017) МКД верзија<br>http://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/STRATEGY_FOR_COOPERATION_OF_THE_GOVERNMENT_WITH_THE_CIVIL_SOCIETY(2012-2017).pdf | јуни 2012 |

**2.2.** Во изминатиот период невладините организации и заедници беа активно вклучени во успешното спроведување на голем број проекти финансирани од страна на ГЕФ ПМГ Македонија. Најчести области на помош беа климатските промени со посебен фокус на активностите за ниско-јаглеродни емисии, енергетска ефикасност и ОИЕ – сончева енергија за топлина, и делување во областа на биолошка разновидност (агро-биолошка разновидност).

За успешна реализација на предвидените активности на ГЕФ ПМГ Македонија, од клучно значење е промовирањето и поддршката за активно вклучување на локалните заедници и невладиниот сектор, во пренесување и поставување на националните приоритети на локално ниво преку:

а) активно учество во намалување на размерот на дефинираните национални приоритети на локално ниво, земајќи ги предвид локалните услови;
б) приоритизација на утврдените мерки и активности според локалните услови;
в) интензивирање на соработката и вмрежување на граѓанското општество и локалните власти и
г) активно учество во дефинирањето на начините и патиштата за успешно имплементирање на приоритетите на земјата преку трансфер на *know-how* (знаење) и активно вклучување во програмите за имплементација на националните програми, проекти и плановите за мониторинг.

**2.3.** Имајќи го ова предвид, во фокусот на планираните национални утврдени придонеси на Македонија (развиени за UNFCCC/COP21) поставено е ублажувањето (митигација) на климатските промени, односно, на политиките и мерките кои ќе доведат до намалување на емисијата на стакленички гасови; ГЕФ ПМГ може значително да придонесе кон целта на Македонија за намалување на емисијата на $CO_2$ од согорување на фосилни горива за 30%, но, исто така, и за адаптација. Со надградба и повторување на успешните проекти за климатски промени и научената лекција од мерките за енергетска ефикасност и снабдувањето со ниско-јаглеродна енергија, ГЕФ ПМГ директно ќе придонесе клучните национални политики за мерките за ублажување и снабдување со енергија[5] и енергетска ефикасност[6] да бидат усогласени со Политиката на ЕУ за клима и енергија, како и со националните политики и мерки[7] за ублажување. Дури и повеќе, повторувањето на некои одржливи агро-еколошки практики и локални со глобални коалиции за ракување со хемикалии на ГЕФ ПМГ, ќе придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови. Секако, основното влијание на ГЕФ ПМГ се очекува врз националната политика и законодавство, како и придонесот во јакнењето на капацитетите и подигање на свеста преку репликација на најдобрите практики на управување со знаењето, создавање на зелени работни места и зелени претпријатија.

Табела 3. Придонес на ПМГ кон националните приоритети/корпоративни резултати на ГЕФ-6

| **1**<br>**Стратешки насоки на ПМГ ОФ6** | **2**<br>**Корпоративни резултати на ГЕФ-6 по централна области** | **3**<br>**На кратко опиши ги специфичните сегменти[8] на Националната програмска стратегија на ПМГ релевантни за националните приоритети/други агенции[9]** | **4**<br>**На кратко опиши ја усогласеноста на Националната програмска стратегија на ПМГ со програмската стратегија на УНДП** |
|---|---|---|---|
| Зачувување на копнени/крајбрежни предели на локално ниво | *Одржување на глобално значајната биолошка разновидност и еко-системските добра и услуги кои ги обезбедува на општеството* | • Швајцарската програма за заштита на природата во Македонија (SDC). Меѓу другите активности насочени кон зачувување на биолошката разновидност во сливот на реката Брегалница и еколошката чувствителност, направен е првиот обид за идентификација и опис на пределот. Овие основни сознанија може да послужат како основа за идните напори за ГЕФ ПМГ кон заштита на пределите | • Обновување на екосистемот на Преспанското Езеро (УНДП). Главните столбови на овој проект се: а) следење на водните ресурси на басенот на Преспанското Езеро, б) обновување на мочуриштето Езерани; в) развивање на модел за квантификација на дифузните извори на загадување |
| Иновативни климатско приказни агро-еколошки практики; | *Одржливо управување со земјиштето во производствените системи (земјоделство, тревести предели и* | • Агро-еколошки мерки, Програма за поттикнување на органско земјоделство (МЗШВ, ИПАРД)<br>• Постојана контрола на плодноста на почвата (МЗШВ) | • Обновување на екосистемот на Преспанското Езеро (УНДП). Еден од главните столбови на овој проект е промоција на агро-еколошки мерки во производство |

[5] Проекти за обновливи извори на енергија како сончевата, ветерната енергија, како и електрични централи на биогас, комбинирано производство на енергија од биомаса и биогорива.
[6] Проекти за реновирање на згради, зголемена употреба на алтернативни средства за транспорт, кампањи за подигање на јавната свест и информативни центри за енергетска ефикасност.
[7] Проекти за геотермални електроцентрали, исфрлање од употреба на електричните светилки и грејалките со реостат.
[8] "ниша" се однесува на улогата или придонесот со што Националната програма е најдобро опремена и ги извршува, а за што останатите актери се согласуваат;
[9] Опишете ги само оние стратешки насоки на ОФ6 кои ќе бидат програмирани во националната ПМГ програма.

| | | | |
|---|---|---|---|
| зачувување на копнените/ крајбрежни предели на локално ниво | *шумски предели)* | • Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020)<br>• Континуирана контрола на плодноста на почвата за новоформираните повеќегодишни култури. ГЕФ ПМГ може да им помогне на производителите со споделување на знаењето (*know-how)* за ефикасноста од употребата на ѓубрива<br>• Македонски почвен информациски систем – MASIS | на јаболка, како дел од климатски прикладната агро-екологија<br>• MASIS. Главен предмет на проектот беше да се подготви детален попис на својствата на почвата и нејзината просторна дистрибуција, и складирање на графички и атрибутивни податоци во сеопфатните дигитална бази на податоци<br>• Проект за консолидација на почвата (ФАО). Има за цел да ги консолидира парцелите земја, како предуслов за поефикасни и подобрени практики за управување со земјиштето. Консолидираните парцели може да дадат солидна основа за примена на иновативни технологии и агро-еколошки мерки во согласност со приоритетите на ГЕФ ОФ6 |
| Зачувување на копнените/ крајбрежните предели на локално ниво | *Поттикнување на колективно управување на прекуграничните водни системи и имплементација на целата низа политики, законски и институционални реформи и инвестиции кои придонесуваат за одржливо користење и одржување на екосистемот.* | • План за управување со речниот слив на реката Брегалница (SDC). Главните цели за спроведување на целосно интегрирано управување со водните ресурси, за заштита на водите и безбедно снабдување со вода во согласност со РДВ (Рамковната директива за водите). RBMP претставува сеопфатен попис на сите политики, управување и притисоци поврзани со водните ресурси. RBMP на Брегалница содржи детален план за акција, што е референтен показател за идните области за помош од ГЕФ ПМГ<br>• Стратегија за води на Република Македонија до 2040<br>• Предлог Национална Стратегија за биолошка разновидност со Акционен план до 2020 година, со визија до 2050 | • План за управување на речниот слив на реката Струмица (УНДП). Во прилог на подготовката на RBMP за река Струмица, посебно внимание ќе се посвети на заштита од поплави и проценка на ризикот од храна, која е во согласност со ГЕФ ПМГ за одржливо користење на природните ресурси и заштита на услугите на екосистемот. |
| Придобивки од енергетски пристап | *Поддршка на промените од трансформација кон ниска емисија и еластичен развоен пат* | • Стратегија за енергетска ефикасност во Република Македонија до 2030 година<br>• Акционен план на Стратегијата за подобрување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година<br>• Стратегија за користење на обновливите извори на енергија во Македонија<br>• Национална стратегија за механизам за чист развој за првиот задолжителен период според Протоколот од Кјото (2008-2012) | • Климатски предизвик за граѓаните – УНДП, Амбасадата на Шведска, УСАИД. Проектот е цврста основа за синергија со ГЕФ ПМГ преку повторување на најуспешните иницијативи и промоција на научените лекции од проектот<br>• Прва, втора и трета национална комуникација (извештај) за климатски промени, ажурирање на извештаите за климатски промени на секои две години, планираните национални утврдени придонеси кон глобалните напори за намалување на емисијата на стакленички гасови |
| Локални со глобални коалиции за | *Зголемување на постепеното исфрлање, отстранување и* | • Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020)<br>• Национален План за имплементација | • Проект за стабилизација и ревитализација на депониите на рудниците Бучим и Лојане |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ракување со хемикалии | *намалување на испуштањето на ПОПс, ОДС, жива и други хемикалии од глобално значење* | – НИП (2006-2010)<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина (2004) | • УНИДО ГЕФ ВМФ: Отстранување на техничките и економските бариери за започнување активности за расчистување на локации во ОХИС контаминирани со Alpha-HCH, Beta-HCH и линдан |
| Платформи за дијалог помеѓу НВО и Владата | *Зголемување на капацитетите на граѓанскиот сектор за придонес во спроведувањето на МЕА (мултилатерални договори за животната средина) и национална и субнационална политика, планирање и правни рамки.* | • Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020)<br>• Национален план за имплементација – НИП (2006-2010)<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина (2004) | |
| Социјална инклузија (родова застапеност, млади, локално население) | *Политика и акционен план на ГЕФ за родова еднаквост и рамноправност и Принципи на ГЕФ за вклучување на локалното население* | • Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална инклузија (2010 - 2020)<br>• Национална стратегија и акционен план за млади (2009)<br>• Национална стратегија за родова еднаквост 2013-2020<br>• Национална стратегија за воведување на родово избалансиран буџет 2012-2017 | • Секторски извештај на УНДП/ГЕФ: "Родови прашања и климатските промени во Македонија: Примена на родовите аспекти за Третиот национален извештај за климатски промени" |
| Придонес на платформите за управување со глобалното знаење | *Придонес за напорите на ГЕФ КМ* | • Покрај глобалните, ГЕФ ПМГ има значителен придонес кон националните КМ<br>• Дополнително, покрај постојаниот придонес на ГЕФ ПМГ преку генерирање знаење и *know-how*, во ОФ6 се очекува да има клучна улога во генерирање на основните знаења за агро-екологијата и мерките за ублажување и адаптација кон климатските промени, како придонес на UNFCCC<br>• Национално прикладни акции за ублажување и адаптивни акциони планови и ИПАРД акредитација на агро-еколошките мерки | • Минати и тековни системи за пренос на знаење (UNDP, UNFCCC, GEF)<br>• Други донаторски КМ платформи – Програма на Светска банка за зелен раст, FAO и SDC |

## 3. Стратешки насоки во ОФ6

### 3.1. Cross-cutting (меѓу-секторски) стратегии за креирање грантови за ОФ6

Како резултат од консултациите на национално ниво, во Националната програмска стратегија за ОФ6, Република Македонија се смета како еден предел во проектите за распределба на грантови. На овој начин, ***cross-cutting*** стратегијата се базира на важните иницијативи кои стратешки ќе ја позиционираат имплементацијата на програмата, ќе ги подготват заинтересираните страни да ги спроведат насоките за ОФ6 и ќе придонесат кон платформите за дијалог помеѓу НВО и Владата и социјална инклузија, кои се клучна компонента на стратегијата на ГЕФ 20/20.

**Платформи за дијалог помеѓу НВО и Владата за политики и планови**

**Платформи за дијалог помеѓу НВО-Владата** се очекува најмалку една официјална (локална) платформа да се воспостави во тематскиот фокус за зачувување на пределите на локално ниво. ГЕФ ПМГ треба да го подржи процесот на формализација на локалната платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата. Покрај тоа, треба да се насочат напорите кон воспоставување на национално признати платформи за дијалог помеѓу НВО и Владата како алатка за создавање на партнерства помеѓу НВО и владите во решавање и заедничко дејствување во решавањето на еколошките проблеми.

Тематскиот фокус на **зајакнување на гласот на НВО** ги поддржува проектите за зајакнување на човечките ресурси и техничките капацитети на невладините организации (НВО) за активна улога во засилената контрола на животната средина, да влијаат врз работата на локалните и националните тела за животна средина и во планирањето на политики. Овој тематски фокус може да се комбинира со зајакнување на улогата на НВО за воспоставување системи за редовен мониторинг и рано предупредување за еколошките аспекти.

**Поттикнување на социјална инклузија (вклучување)**

**Транспонирање на знаењето за пристапност** е можност да се развијат пристапи за транспонирање и пренос на знаење и информации во форми лесно достапни за социјално исклучените групи. Може да се обезбеди поддршка за превод на информации и пренесување на знаење на лесно пристапен начин за лицата со инвалидност, користење на различни медиуми за трансфер на знаење и директен пристап преку специјално дизајнирани натпревари, програми за советување и обука.

Во текот на процесот на ревизија на проектите НПС ќе ја следи SESP, како оперативна постапка/ алатка, за да се осигура дека SES се применува на ниво на проектот. Националниот координатор, според упатствата на ЦТМП, ќе развие насоки, презентации и други материјали за правилно насочување. Сите проекти ќе бидат претходно прикажани во фазата на дизајнирање и оценување со цел да се обезбеди дека принципите на SES се интегрирани, ризиците и нивното значење се утврдени и категоризирани (мал, умерен, висок) и предвидени се мерки за ублажување во решавање на потенцијалните ризици.

**Платформи за размена на глобално знаење/умеење**

**Виртуелната мрежа за зелено знаење** ќе дејствува како фокусна точка и извор на информации, знаења и вештини согласно добрите практики за заштита на животната средина. Мрежата треба да ги акумулира, организира, ажурира и шири потребните информации и знаење, да обезбеди стручност, вештини и *know-how*, да промовира различни пристапи, нови технологии и позитивни примери, но, исто така, да информира за законите со влијание врз животната средина и природата.

**Програмите за менторство и обука** треба да го поддржат проектот што ќе ги мобилизира оние невладини организации кои веќе учествувале во претходните оперативни фази на ГЕФ ПМГ, ќе ги обучи и ќе доведе нови НВО преку проектот за развој и спроведување на процесот за новата ОФ6.

**(Еколошки свесните) бизнис активности што не се штетни за животната средина** треба да ги поддржат проектите кон подигање на свеста во бизнис секторот за аспектите на животната средина и нивната мотивација да се преземат активности во областа на заштита на животната средина.

**Ex-post (пред и потоа) проценка на влијанието** на претходните проекти на ГЕФ ПМГ е активност која бара итно внимание. Спроведувањето на проектот за евалуација на претходните проекти ќе се генерира внатрешно поради долготрајното влијание на ГЕФ ПМГ, ефектите од мултипликација и одржливост на активностите. Научената лекција од овој процес може да биде вреден придонес кон програмата за глобално знаење, но, исто така, може да придонесе и за фино подесување на активностите на ОФ6.

### 3.2 Стратегии[10] за распределба на грантови врз основа на пределниот пристап од ОФ6

Процесот за развој на Национална програмска стратегија е спроведуван во 3 (три) фази:
Чекор 1. ОФ6 Вежби за консултации и испитување на Националната програмска стратегија
Чекор 2. Одбрана основна пределна проценка
Чекор 3. Финализација на Националната програмска стратегија

**ЧЕКОР 1. ОФ6 ВЕЖБИ ЗА КОНСУЛТАЦИИ И ИСПИТУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА** ⇨ **ЧЕКОР 2. ОДБРАНА ОСНОВНА ПРОЦЕНКА НА КОПНЕНИ/ КРАЈБРЕЖНИ ПРЕДЕЛИ** ⇨ **ЧЕКОР 3. ФИНАЛИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА**

1.1. Консултации со повеќе засегнати чинители, комуникации и процес на испитување
1.2. Национална партиципативна работилница за тематски фокус
1.3. Избор на тематски фокуси

2.1. Основна пределна анализа
2.2. Фокус групи
2.3. Елаборирање на ПМГ ОФ6 Стратешките насоки и модалитети за имплементација во рамките на пределниот контекст

3.1. Финализација на Националната програмска стратегија




Општиот пристап за спроведување на процесот на развој на стратегијата се темели врз достапните информации и собраните студии на случаи, научената лекција и вежбите за најдобри практики, активно вклучување на граѓанското општество и креаторите на политиката преку работилници и партиципативен пристап со фокус групи, директни состаноци и интервјуа со релевантните засегнати страни.

Во првата фаза, се изведоа вежби за консултации и испитување со повеќе од 40 учесници (министерства, Академија, НУК, донатори и други) со цел да се идентификуваат потенцијалните предели. Заклучокот беше дека Република Македонија е мала земја и целата земја треба да се смета како еден предел во проектите за распределба на грантови. Исто така, се одржа национална партиципативна работилница за тематскиот фокус да се постават приоритетните тематски фокуси во рамките на стратешките насоки.

[10] Се однесува на различните видови документи за избор и проценка на копнени/крајбрежни предели.

Во втората фаза се спроведе сеопфатен процес на проценка на тековната национална ситуација со цел да се идентификуваат досегашните резултати и постигнувања на националниот координатор на ПМГ и да се идентификуваат приоритетите за поддршка во ОФ6. Процесот беше проследен со одржување на 6 (шест) регионални работилници со фокус групи, со партиципативен пристап и учество на 60 претставници од невладини организации. Типологијата и броевите на проектите на ГЕФ ПМГ Македонија беа идентификувани и фино подесени врз основа на работилниците, а фокус групите ги идентификуваа проблемите, додека индивидуалните НВО развиваа цели на проектните концепти. Развојот и финализацијата на Националната програмска стратегија беа остварени преку редовна комуникација и тесна соработка со тимот на ГЕФ ПМГ и НУК.

ГЕФ ПМГ Македонија, врз основа на релевантните конвенции, националните планови и програми, како и консултациите со повеќе засегнати чинители, даде стратешки приоритет на 6 (шест) главни тематски фокуси, кои ќе претставуваат рамка за распределба на грантови во ОФ6 и дизајн на проекти со локални активности кои треба да се спроведуваат.

**ПМГ ОФ6 Компонента 1: Зачувување и заштита на копнените предели на локално ниво.** И покрај тоа што целата територија на Република Македонија се смета како еден предел за распределба на грантови, предностите од подеталниот пределен пристап како мулти-централна алатка е призната и очекувана. На овој начин, три главни тематски фокуси се третираат како приоритетни проекти на пределен пристап, со цел да стекнат поголеми придобивки и поголемо влијание врз портфолиото од стратешкото планирање и обезбедување поддршка во согласност со локалните потреби.

Тематскиот фокус **заштита (конзервација) на области со висока вредност** ќе се концентрира на пределните проекти во постојните области со висока вредност заради конзервација или ќе доведе до прогласување на новозаштитени предели или предели на природни споменици. Проектите треба да обезбедат мулти-централна и мултидимензионален пристап, со цел да се зачуваат, заштитат и промовираат постојните биолошки и природни вредности во овие предели. Се планира поддршка на еден проект во постојните заштитени и области со природни споменици, а најмалку еден проект ќе доведе до прогласување на нов предел со висока вредност.

Тематскиот фокус **биолошка разновидност** ги промовира пристапите за заштита и зачувување на загрозените видови во рамките на нивните живеалишта.

**Зачувувањето на агро-биолошката разновидност во земјоделството** треба да придонесе за собирање, заштита и размножување на автохтоните сорти/раси и да поттикнува заштита на традиционалните производи и производни практики во руралните средини.

**ПМГ ОФ6 Компонента 2: Климатски прикладна иновативна агро-екологија:** Во оваа стратешка иницијатива е даден приоритет на 1 (еден) тематски фокус.

**Климатско прикладните агро-еколошките системи** ќе стимулираат проекти и активности, кои ќе водат кон унапредување на адаптивните мерки за зголемување на отпорноста и прилагодливоста на земјоделството кон климатските промени, ќе промовираат иновативни агро-еколошки мерки за заштита на екосистемите и еколошки прикладно земјоделско производство.[11]

---

[11] Одржлив развој и намалување/или ублажување на земјоделските извори кои ги загадуваат водата, почвата и воздухот, органското поледелство и практиките на ниска јаглеродна емисија во земјоделското производство.

**ПМГ ОФ6 Компонента 3: Придобивки од пристап до ниско-јаглеродна енергија.**
**Заштеда на енергија, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија** е збир на мерки и иновативни решенија за да се обезбеди достапен пристап до различни форми на енергија, заштеда на енергија и намалување на емисијата на $CO_2$, преку модели кои ги почитуваат еколошките и аспектите на животната средина.

**ПМГ ОФ6 Компонента 4: Локални со глобални коалиции за ракување со хемикалии.**
**Управувањето со хемикалии и органски отпад** како процес на намалување, собирање, селектирање и рециклирање на потенцијалните загадувачи на почвата, водата и воздухот, со посебен акцент на елиминирање на користењето и намалување на изворите на ПОП-с. Посебно внимание ќе се посвети на повторување на минатите успешни проекти за ПОП-с како селектирање, собирање и рециклирање на земјоделска пластична фолија и ПЕТ пластичен отпад од домаќинствата и иновативен пристап за партнерство на НВО со бизнис секторот за селектирање, собирање и рециклирање на нетоксичен домашен електронски отпад.

## 3.3. Насоки за “Грант +”

### 3.3.1. Платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата

ГЕФ ПМГ ќе продолжи да го поттикнува повторувањето на позитивните искуства од минатото за поврзување на НВО со владините институции (локални или национални) преку поголемо учество и партнерство на НВО. Најмалку една платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата се очекува да биде воспоставена како дел од процесот на учење на пределниот пристап, но, исто така, и од другите проектни активности преку трансфер на одговорноста од институциите на локалната самоуправа на секторот на НВО-и, каде што е потребно. ГЕФ ПМГ ќе го стимулира процесот на формализација на платформата за НВО и Владата како дел од пристапот на проектот(ите). Покрај тоа, ГЕФ ПМГ ќе го мотивира воспоставувањето на национално призната платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата како стратешки пристап за справување со еколошките проблеми и националните приоритети.

### 3.3.2. Влијание на политиката

ГЕФ ПМГ ќе го промовира и мотивира зајакнувањето на човечките и техничките капацитети на невладините организации како фундаментален дел на проектот, со цел да имаат поголемо влијание врз работата на локалните и националните тела за животна средина и планирањето на политики. Треба да се посвети посебно внимание на политиката и прописите (национални и локални), со цел да се дефинира улогата на НВО секторот во управувањето со заштитени или предели со природни споменици, обновливи извори на енергија и зачувување на биолошката разновидност (особено агро-биолошката разновидност).

### 3.3.3. Промовирање на социјална инклузија

Социјалната инклузија, вклучувајќи ги жените и децата, кога и каде е применливо, се потребни во секој предлог проект и овие области треба да бидат детално објаснети во својот текстуален дел. ГЕФ ПМГ силно ги препорачува и дава приоритет на проектите кои се насочени кон или промовираат вклучување (инклузија) на социјално исклучените групи. Стратегијата е насочена кон развој на пристапи за транспонирање и трансфер на знаење и информации во лесно достапни форми за социјално исклучените групи. Покрај тоа, пристапот на менторство, планот за трансфер на знаење и стратегијата за комуникација поттикнуваат директни контакти со социјално ранливите групи и практични упатства во процесот на развој на проекти, примена и имплементација.

ГЕФ ПМГ силно го поддржува пристапот на волонтерска работа како алатка за вклучување на

граѓанското општество (особено младите) во програмите кои придонесуваат во управувањето или заштитата на животната средина, и ќе ги побара и собере за дисеминација искуствата на претходните жени проектни координатори од проектниот циклус на управување, избегнувајќи ги лошите страни, а присвојувајќи ги добрите страни. Дополнително, ГЕФ ПМГ ќе ги зголеми и повтори минатите позитивни искуства за вклученост на младите преку стимулирање пристапи за трансфер и размена на знаење во основните и средните училишта во согласност со проблемите на животната средина, енергијата, климатските промени и управувањето со хемиски и органски загадувачи.

3.3.4. **План за управување со знаењето**

Во ОФ6, ГЕФ ПМГ ќе се фокусира на зајакнување на платформите од НВО до НВО како алатка за социјално вмрежување, размена на знаење и информации. На овој начин, ќе продолжи тековниот процес на собирање и централизација на знаења, информации и вештини во согласност со добрите практики на заштита на животната средина. ГЕФ ПМГ Македонија бара од секој стипендист да го евидентира процесот на спроведување активности и постигнување резултати во дигитална, електронска и печатена форма. Потоа, овие материјали ќе се дистрибуираат од страна на корисникот на грантот до нивните локални и национални колеги. НК и ПА ќе ги постираат овие електронски верзии на интернет страницата на ГЕФ ПМГ Македонија и ќе ги информираат корисниците на мејлинг листата за оваа вест. Преку ова, ПМГ Македонија ја подигнува свеста на НВО за документирање на "чекор по чекор" имплементацијата на проекти и последователните резултати, за други да читаат/ научат. Постојната веб платформа ќе се користи како алатка за секој проект, www.ekosfera.mk.

Проектните концепти на НВО се разгледуваат од страна на членовите на НУК за присуство на минимални критериуми и придонес кон остварувањето на стратегиските приоритети, капацитетите на невладините организации и меѓу-секторските приоритети. Практиката од искуството од минатите години, на комбинирање две или повеќе проектни концепти кои доаѓаат од истиот регион и еднодневна средба/обука со НВО, ќе продолжи и во следната ОФ6. Преку дискусија и учество, преку научените лекции, претставниците се држат до идејата на одрживи (мерливи со индикатор) резултати, зачувување на природата и генерирање на приход (намалување на сиромаштијата), и вклучување на жени и деца, кога и каде што е применливо.

Имплементацијата на проектот за *ex-post* проценка на влијанието на минатите проекти ќе се генерира внатрешно поради долготрајното влијание на ГЕФ ПМГ, последиците од мултипликација и одржливост на активностите. Лекцијата научена од овој процес може да биде вреден придонес кон програмата за глобалното знаење, но, исто така, може да придонесе и за фино подесување на активностите на ОФ6.

3.2.5. **Стратегија за комуникација**

ГЕФ ПМГ ќе продолжи со практиката на организирање директни средби и "еднодневна обука" со потенцијални партнери од НВО секторот. НК, ПА и членовите на НУК ќе учествуваат на "еднодневната обука", и онаму каде што НВО ќе подготват предлог проекти, ќе се постават (квалитативни и квантитативни) прашања, ќе се слушнат одговорите и ќе се договорат се околу отворените прашања. По "еднодневната обука" НВО ќе имаат јасна визија за тоа кои, кога, што и како ќе се изведуваат активностите и ќе се постигнат резултати. Средбите ќе се користат за дискусија за научените лекции од минатите ПМГ проекти, да се споделат најдобрите практики и да се артикулира придонесот на ПМГ за националните приоритети.

Дополнително, програмите на менторство и тренинг ќе поттикнуваат учество, ќе градат односи и ќе ги негуваат партнерствата помеѓу НВО кои веќе учествувале во претходните оперативни фази на

ГЕФ ПМГ, да обучат и доведат нови НВО преку процесот на развој на проектот и процесот на аплицирање за новата ОР6. Резултатите од студијата за оцена на *ex-post* влијанието, но, исто така, и извештаите од процесот на имплементација на активности и постигнати резултати од секој корисник на грант постојано ќе бидат дистрибуирани и објавувани како алатка за промовирање на придонесот на ПМГ за националните приоритети, програмирањето на ГЕФ, и стратегиите на УНДП.

## 4. РАМКА НА ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Табела 4. Усогласеност со компонентите на глобалната програма на ПМГ ОФ6

| 1<br>Проектни компоненти на ОФ6 | 2<br>Цели на НПС | 3<br>Активности | 4<br>Индикатори | 5<br>Начин за верификација |
|---|---|---|---|---|
| ПМГ ОФ6 Компонента 1:<br>*Зачувување и заштита на копнените/ морските предели на локално ниво:*<br><br>1.1 Националните ПМГ програми ја подобруваат заштитата и одрживиот развој и управувањето со важни копнени и крајбрежни /морски екосистеми преку спроведување на пределен пристап во приближно 50 земји | *Преглед на предложените пределни области од интерес на национално ниво*<br><br>*Број и типологија[12] на копнени/морски предели: 1 до 3 целни области за приближно 70% од ресурсите кои го сочинуваат грантот за ОФ6*<br><br>*Листа на IW SAPs програми за управување со речните /езерски сливови и управување со крајбрежни и морски предели (на пр. во области со управување на живеалиштата, рибници и загадување на почви)* | Приближен број (#) и типологија на проекти[13] | *Целна површина (#) во хектари*<br><br>*Индикатори за основна пределна проценка (да се одредат)* | Индивидуално известување за проектот по национален ПМГ тим<br><br>Компаративни варијабили за основна проценка (примена на концептуални модели и податоци за партнерот по потреба)<br><br>Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)<br><br>Преглед на Националната програмска стратегија (НПС) (параметри на НУК) |
| 1.1 Зачувување на пределите на локално ниво | 1.1.1. Мулти-централен пристап на зачувување на пределите со висока вредност, конзервација на биолошката разновидност преку одржлив развој и социјални аспекти | • *По можност западниот- југозападниот регион на Македонија, вклучувајќи ги и Маврово, Галичица и Пелистер како национални паркови со висока вредност; или кои било други релевантни и применливи предели*<br>• *Вардарскиот и југозападниот регион како најинтензивни земјоделски области и високо чувствителни области на климатските промени*<br><br>Најмалку 1 проект во постоечките заштитени и области на природни споменици и најмалку 1 проект за прогласување на нов предел со висока вредност | • *50 ха заштитени области под влијание*<br>• *100 учесници*<br>• *500 членови на заедницата (60%М+40%Ж )*<br>• *Утврдена платформа за дијалог*<br>• *Зголемување на куповната моќ преку намалена потрошувачка, зголемен приход и/или други средства (еквивалент на 70,000 US $/годишно)* | • *Официјални документи за соработка и управување*<br>• *С&О извршени во текот и по 1 година од завршувањето на проектот*<br>• *Фактури, сметки и други пишани средства/начини*<br>• *Компаративни варијабили за основна проценка*<br>• *Индивидуално известување за проектот по национален ПМГ тим*<br>• *Индикатори на социо-еколошката отпорност на продуктивни предели (SEPLs)* |

[12] Во овој контекст, типологија подразбира вид на копнен (планински, низински, флувијален итн.) и крајбрежен/морски предел (мочуриште/мангрови гори (ризофора), речни сливови, заливи, од морска трева до корали, итн.) исто така, може да постои комбинација на копнен со крајбрежен предел (т.е. горни сливни предели до крајбрежни мангрови гори, од морска трева до корални екосистеми), што всушност се претпочита, бидејќи го опфаќа континуумот на поврзани екосистеми и заедници. За другите иницијативи, типологија значи практика/технологија на користење на сончевата енергија, мини-хидроцентрали, ветерници, биогас, чиста ефикасни печки и сл. за пристап до енергија и дополнителни придобивки, како и органското земјоделство, шумски пасишта, агрошумарство, итн.; за климатски прикладна агро-екологија.

[13] Проценетиот број проекти од ОФ6 треба да се разликува од користењето на основните грантови за ОФ6 (кои се применуваат во фокалните области на ГЕФ) и дополнителните ГЕФ СТАР ресурси (кои треба да бидат директно поврзани со релевантните централните области на ГЕФ). Во согласност со одлуката на Управувачкиот комитет на ГЕФ (од март 2010 година), до 20% од дополнителните мобилизирани ресурси од ГЕФ може да се користат за секундарните централни области.

| 1<br>**Проектни компоненти на ОФ6** | 2<br>**Цели на НПС** | 3<br>**Активности** | 4<br>**Индикатори** | 5<br>**Начин за верификација** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | • *Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)*<br>• *Преглед на Националната програмска стратегија (НПС) (параметри на НУК)* |
| 1.2. Биолошка разновидност | 1.2.2 Промоција на пристапи за заштита и зачувување на загрозените видови во рамките на нивните живеалишта | • *Заштита на најзагрозените видови/раси*<br>• *Развој и усвојување на најдобрите практики за автохтоните видови*<br>• *Промовирање на заштитените области пренесени на управување на НВО*<br>• *Конзервација на биолошката разновидност и одржлива примена во секторите преку иницијативи и активности на заедницата*<br>• *Придонес за ревитализација на AcqNC преку воведување и спроведување на најдобрите практики за автохтоните видови/раси*<br><br>Најмалку 2 проекта | • *2 заштитени вида*<br>• *150 учесници во проекти*<br>• *Во 1 заштитена област НВО е партнер во управувањето* | • *ГИМ, национални извештаи*<br>• *ГИМ, глобална база на податоци, национални извештаи*<br>• *Национална програмска стратегија*<br>• *Преглед (параметри на НУК)*<br>• *Службени документи за соработка и управување*<br>• *M&E извршени во текот на и по 1 година од завршување на проектот*<br>• *Фактури, сметки и други пишани средства*<br>• *Индивидуално известување за проектот по ПМГ земја* |
| 1.3. Заштита на биолошката разновидност во земјоделството | 1.3.1 Одржување, идентификација и заштита на агро-биолошката разновидност и одржливо користење во создавањето предели и сектори преку локални иницијативи и активности | • *Заштита на најзагрозените видови/раси*<br>• *Проширување на земјоделското производство во најзафрлените области во земјата*<br>• *Развој и усвојување на најдобрите практики за автохтоните агро-видови*<br><br>Приближно 3 проекти | • *5 хектари со култивирани автохтони видови*<br>• *20% зголемен приход од фарми во AcqNC*<br>• *5 растителни видови со дефинирани и усвоени најдобри практики на култивирање, од кои 2 се одржани, идентификувани и заштитени видови*<br>• *200 членови на заедницата (60%М+40%Ж)* | • *Службени документи за соработка и управување*<br>• *M&E извршени во текот на и по 1 година од завршување на проектот*<br>• *Фактури, сметки и други пишани средства*<br>• *Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови*<br>• *Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)*<br>• *Преглед на Националната програмска стратегија (параметри на НУК)* |
| <u>ПМГ ОФ6 Компонента 2:</u><br>*Климатско прикладни иновативни агро-еколошки практики:*<br><br>2.1 Агро-еколошките практики што вклучуваат мерки за намалување на емисијата на $CO_2$ и зголемување на отпорноста кон климатските промени, проверени и тестирани во | *Преглед на предложените агро-еколошки практики, отпорност кон климатските промени, вклучувајќи и интеграција во приоритетното производство на копнени и морски предели* | Приближен број (#) на проекти | *Целна површина (#) во хектари*<br><br>*Индикатори за основната пределна проценка (да се одредат)* | Индивидуално известување за проектот по национален ПМГ тим<br><br>Индикатори на социо-еколошката отпорност на продуктивни предели (SEPLs)<br><br>Годишен извештај од мониторинг (ГИМ) |

| 1<br>Проектни компоненти на ОФ6 | 2<br>Цели на НПС | 3<br>Активности | 4<br>Индикатори | 5<br>Начин за верификација |
|---|---|---|---|---|
| заштитени подрачја на тампон зони и шумски коридори и се широко распространети во најмалку 30 земји | | | | Преглед на Националната програмска стратегија (НПС) (параметри на НУК) |
| 2.1.2. Климатски прикладни агро-еколошки практики | 2.1.2.1 Демонстрација, развој и трансфер на знаење за агро-еколошките практики<br><br>Промовирање и поддршка на интегралното и органско производство | • *Биолошко управување со штетници и намалување/ отстранување на пестициди во земјоделството*<br>• *Интегрирани системи за управување со хранливите материи и намалување/отстранување на употребата на вештачки ѓубрива*<br>• *Подобрено управување со арското ѓубриво и производство на биогас*<br>• *Оптимизирано планирање за наводнување на ниво на фарма и подобрена заштита на водата во почвата*<br>• *Ротација на посеви, засадување трева, мулчирање и зелено арско ѓубре.*<br>• *Компостирање и рециклирање на отпадот*<br>• *Мулчирање и компостирање на органски земјоделски нуспроизводи*<br>• *Заштита на почвениот органски јаглерод во земјоделството и шумарството*<br><br>Приближно 10 проекти (најмалку 4 проекти за намалување/отстранување пестициди и вештачки ѓубрива и најмалку 1 проект за управување со арско ѓубре и производство на биогас) | • *100 хектари на производни предели каде се применуваат одржливи практики и минимизирана примена на пестициди и вештачки ѓубрива*<br>• *30% намалена употреба на пестициди и вештачки ѓубрива*<br>• *5,000 t употребено арско ѓубре/процес на биогас*<br>• *1,000 t произведен и применет компост и други органски нуспроизводи*<br>• *1,000 t мулчирани органски нуспроизводи*<br>• *30 хектари со примена на намалена обработка (орање) или без орање*<br>• *2 -3% зголемување на органските материи во почвата*<br>• *1,000 членови на заедницата (60%М+40%Ж)*<br>• *Зголемување на куповната моќ преку намалена потрошувачка, зголемен приход и/или други средства (еквивалент на 60,000 US $/годишно)* | • *Службени документи за соработка и управување*<br>• *М&Е извршени во текот и 1 година по завршување на проектот*<br>• *Фактури, сметки и други пишани средства*<br>• *Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови*<br>• *Годишен извештај за мониторинг (ГИМ)*<br>• *Преглед на Националната програмска стратегија (параметри на НУК)* |

| 1<br>**Проектни компоненти на ОФ6** | 2<br>**Цели на НПС** | 3<br>**Активности** | 4<br>**Индикатори** | 5<br>**Начин за верификација** |
|---|---|---|---|---|
| | 2.1.2.2. Нови пристапи за прилагодување (адаптација) на земјоделството кон климатските промени<br><br>Адаптивни мерки во земјоделството за зголемена ефикасност при користење на водата и заштита на почвата, намалување на загубите на енергија, вода, хранливи материи и генетски ресурси преку зголемена заштита и обнова на почвата и водните ресурси<br><br>Систематски пристапи за митигација (ублажување) на влијанието на КП врз земјоделското производство | • *Испитување и демонстрација на лесни за примена адаптивни мерки во растителното производство*<br>• *Подигање на свеста и вештини за ублажување на новите адаптери*<br>• *Зголемен квалитет и принос на земјоделските производи*<br>• *Зголемена отпорност на почвата од негативното влијание на КП (климатските промени)*<br>• *Зачувување и обнова на почвата и водните ресурси*<br>• *Воспоставен систем за пропагирање на препораките на локално ниво*<br>• *Систем за мониторинг на еколошките варијабили во реално време*<br>• *Систем за рано предупредување за суша и мраз*<br>• *Мрежа на постојни дигитални бази на податоци со заедничката платформа за предвидување и ублажување на КП*<br><br>Приближно 2 проекта | • *20 ha со имплементирани адаптивни мерки*<br>• *40 фарми да имплементираат адаптивни мерки*<br>• *10% зголемување на приносот на земјоделски производи*<br>• *20 фармери ги применуваат препораките за планирано наводнување*<br>• *5 ha со нови системи за наводнување и контрола*<br>• *10% заштеда на вода преку оптимизација на наводнувањето и планираното наводнување*<br>• *2 мали земјоделски метео-станици*<br>• *Мониторинг на 500 ha земјоделско земјиште*<br>• *50 услуги, билтени и известувања*<br>• *5 бази на податоци и вмрежување на податоците од мониторингот* | |
| <u>ПМГ ОФ6 Компонента 3</u>:<br>*Придобивки од пристап до ниско јаглеродна енергија:*<br><br>3.1 Решенијата за локален пристап до ниско-јаглеродна енергија се успешно имплементирани во 50 земји преку усогласување и интеграција на овие пристапи во поголеми рамки како што се SE4ALL, започнати во најмалку 12 држави | *Најмалку една иновативна типологија на локално прилагодени решенија, прикажана и документирана*<br><br>*Најмалку (вметнете го соодветниот национален таргетиран број) домаќинства кои остваруваат пристап до енергија*<br><br>*Придобивките како што се отпорност, последици врз екосистемот, приходи, здравје и останато, треба ригорозно да се проценат*[14] | Приближен број (#) на проекти | *Број на типологии ориентирани на заедницата, со локално адаптирани решенија за енергетски пристап со успешна демонстрација за проширување и репликација;*<br><br>*Број на домаќинства кои оствариле пристап до енергија со локално прилагодени решенија, со проценети и вреднувани придобивки*[15] | *ГИМ, национални извештаи*<br>*ГИМ, глобална база на податоци, национални извештаи*<br><br>*Посебни национални студии*[16]<br><br>*Преглед на Националната програмска стратегија* (параметри на НУК) |

[14] Се однесува само на водечките земји во оваа стратешка иницијатива
[15] Се однесува само на водечките земји во оваа стратешка иницијатива

| 1<br>**Проектни компоненти на ОФ6** | 2<br>**Цели на НПС** | 3<br>**Активности** | 4<br>**Индикатори** | 5<br>**Начин за верификација** |
|---|---|---|---|---|
| 3.1.1. Заштеда на енергија, ефикасност и обновливи извори | 3.1.1.1 Да обезбеди економичен пристап до различните форми на енергија, преку модели кои ги почитуваат еколошките аспекти на животната средина | • *Напорите за развој на капацитетите ќе овозможат заедницата да развива и користи иновативни технологии*<br>• *Развојот и усвојувањето на нови технологии за генерирање и складирање на ниско-јаглеродна енергија*<br>*Да се поттикне усвојување на обновливата енергија, или да се промовираат еколошки одржливи опции за транспорт, со фокус на пристапот до квалитетна ниско-јаглеродна енергија (вклучувајќи и користење на сончевата енергија, биомаса, биоенергија, мали хидроцентрали, геотермална енергија итн.)*<br>Приближно 2 проекта | • *Најмалку една заедница која применила локално прилагодени мерки за пристап до енергија преку успешни примери на проширување и репликација*<br>• *Најмалку 1 локална јавна зграда (домаќинства) што остварила пристап до енергија преку решенијата за обновлива енергија, со проценети и вреднувани придобивки*<br>• *Најмалку за 30 t е намалена емисијата на $CO_2$ со користење на извори на обновлива енергија*<br>• *Најмалку 20 t фосилни горива се заштедени* | • *ГИМ, национални извештаи*<br>• *ГИМ, глобална база на податоци, национални извештаи*<br>• *Национална програмска стратегија*<br>• *Преглед (параметри на НУК)*<br>• *Службени документи за соработка и управување*<br>• *M&E извршени во текот и 1 година по завршување на проектот*<br>• *Фактури, сметки и други пишани средства*<br>• *Индивидуално известување за проектот по ПМГ земја* |
| | 3.1.1.2 Иновативни решенија и мали системи за енергетска ефикасност и заштеда на енергија | • *Подобрена енергетска ефикасност на домаќинствата*<br>• *Отстранување на локалните бариери за заштеда на енергија и енергетска ефикасност, како што е намалување на потрошувачката на енергија од локални јавни згради и објекти, фокусирање на најефикасните начини за намалување на емисијата на стакленички гасови со благосостојба и други придобивки*<br><br>Приближно 2 проекта | | |
| <u>ПМГ ОФ6 Компонента 4</u>:<br>*Локални со глобални коалиции за ракување со хемикалии:*<br><br>4.1 Иновативни локални алатки и пристапи беа покажани, се користат и се пренесуваат со поддршка на нововоспоставени или постојни коалиции, во најмалку 20 земји за ракување со штетни хемикалии и отпад на правилен начин | *Преглед на иновативни алатки и пристапи за:*<br>*Ракување со пестициди*<br>*Управување со цврст отпад (пластика, електронски отпад, медицински отпад итн.)*<br>*Управување со тешки метали, и*<br>*Локални со глобални коалиции за ракување со хемикалии* | Приближен број (#) на проекти | *Целна квота (#) на корисници (родови застапеност, млади, локално население, и одредена група на лица со инвалидитет* | Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови<br><br>Стратешко партнерство со земјите партнери на IPEN<br><br>Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)<br><br>Преглед на Националната програмска стратегија |
| 4.1 Ракување со хемикалии и органски отпад | 4.1.1 Иновативни локални алатки, пристапи и пилот верзии/тестирање на ограничени практики за управување со хемиски и органски отпад | • *Земјоделска пластична фолија и ПЕТ пластичен отпад од домаќинствата – селектирање, собирање и рециклирање; повторување на претходни успешни проекти за ПОП-с* | • *10 ha ревитализирано, исчистено и одржувано земјиште*<br>• *15 t селектиран и рециклиран пластичен отпад* | • *ГИМ, национални извештаи*<br>• *ГИМ, глобална база на податоци, национални извештаи*<br>• *Национална програмска* |

[16] Се однесува само на водечките земји во оваа стратешка иницијатива

| 1<br>**Проектни компоненти на ОФ6** | 2<br>**Цели на НПС** | 3<br>**Активности** | 4<br>**Индикатори** | 5<br>**Начин за верификација** |
|---|---|---|---|---|
| | | • *Нетоксичен е-отпад од домаќинствата - селектирање, собирање и рециклирање; иновативен пристап кон партнерство на НВО со бизнис секторот;*<br>• *Развој или воспоставување иновативни локални системи и пристапи за намалување, собирање, селектирање и рециклирање на потенцијалните загадувачи на почвата, водата и воздухот, со специјален акцент на отстранување на употребата и намалувањето на ПОП-с*<br>• *Управување со хемикалии и органски отпад и системи за зачувување на земјоделските површини*<br><br>Околу 5 проекти (најмалку 3 проекти за пластичен комунален/земјоделски отпад и најмалку 1 проект за електронски отпад (е-отпад) | • *30% намалена емисија на ПОП-с*<br>• *300 kg селектиран и собран е-отпад*<br>• *Најмалку 1 имплементиран систем за прочистување на отпадни води*<br>• *2,000 t собран и рециклиран цврст отпад*<br>• *2,000 t прочистена вода*<br>• *20% намалување на хранливи материи и опасни материи*<br>• *5% намалување на прашина и PM10 честички*<br>• *Најмалку 10% отстранување на $CO_2$ од воздухот* | *стратегија*<br>• *Преглед (параметри на НУК)*<br>• *Службени документи за соработка и управување*<br>• *M&E извршени во текот на и 1 година по завршување на проектот*<br>• *Фактури, сметки и други пишани средства*<br>• *Индивидуално известување за проектот по ПМГ земја* |
| ПМГ ОФ6 Компонента 5:<br>*Дијалог за политики и планови помеѓу здруженијата на граѓани и Владата (креатори на грантови+)*:<br><br>5.1 ПМГ го поддржува воспоставувањето на платформи за “дијалог за политики и планови помеѓу здруженијата на граѓани (НВО) и Владата“ користејќи ги постојните и потенцијалните партнерства во најмалку 50 земји | *Нацрт на фокусот на НПС за “дијалог за политики и планови помеѓу здруженијата на граѓани и Владата“ како дел од проширената улога на креаторите на грантови за ОФ6* | Глобален приоритет за ОФ6<br><br>Cross-cutting (меѓусекторски) насоки за НПС на национално ниво | *Број (#) на иницирани целни платформи* за “дијалог за политики и планови помеѓу здруженијата на граѓани и Владата“*<br><br>** НПС да го дефинира тематскиот и/или географскиот фокус на платформите*<br><br>*Зајакнати мрежи на НПС, доколку е една од 25-те водечки земји* | Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови<br><br>Глобална база на податоци на ПМГ<br><br>Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)<br><br>Преглед на Националната програмска стратегија |
| 5.1 Платформи за дијалог помеѓу НВО и Владата | 5.1.1 Платформи за дијалог помеѓу НВО и Владата | • *Поддршка на процесот на формализација на локалната платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата*<br>• *Поддршка на процесот на формализација на националната платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата*<br><br>1 проект за воспоставување на национална платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата вкрстена со 1.1. Зачувување на пределите на локално ниво | • *Воспоставена најмалку 1 официјална (локална) платформа*<br>• *Воспоставување на национално призната платформа за дијалог помеѓу НВО и Владата* | • *Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови*<br>• *Глобална база на податоци на ПМГ*<br>• *Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)*<br>• *Преглед на Националната програмска стратегија* |
| | 5.1.2 Зајакнување на гласот на НВО | • *Зајакнување на човечките и техничките капацитети на НВО за контрола на животната средина, влијание врз* | • *30 обуки и програми за јакнење на капацитетите*<br>• *500 учесници* | |

| 1<br>**Проектни компоненти на ОФ6** | 2<br>**Цели на НПС** | 3<br>**Активности** | 4<br>**Индикатори** | 5<br>**Начин за верификација** |
|---|---|---|---|---|
| | | *работата на локалните и националните тела за животна средина и влијание врз планирањето на политики*<br>меѓусекторски | • *Влијание врз 5 политики, стратегии или регулативи* | |
| ПМГ ОФ6 Компонента 6:<br>*Промовирање на социјална инклузија (распределба грантови +)*<br><br>6.1 Аспектите на родова еднаквост се применуваат од страна на сите национални ПМГ програми: родовата обука ја применува персоналот на ПМГ, корисниците на грантови, членовите на НПС, партнерите<br><br>6.2 ИП Програмата за стипендии доделува најмалку 12 стипендии за јакнење на капацитетите на ИП; имплементацијата на проектите од ИП Програмата е поддржана во релевантните земји<br><br>6.3 Вклучувањето на младите и лицата со хендикеп е дополнително подржано во проектите на НПС, а упатствата и најдобрите практики широко се споделени со земјите | *Нацрт на пристапот на НПС кон социјалната инклузија, вклучувајќи и претпоставки во врска со националната содржина за поддршка на загрозените и маргинализирани популации* | Глобален приоритет за ОФ6<br><br>Cross-cutting (меѓусекторски) насоки за НПС на национално ниво | *Целна квота (#) на корисници (родова застапеност, млади, локално население, и одредена група на лица со хендикеп)*<br><br>*Целна квота (#) на локални стипендисти (поединци)* | • *Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови*<br>• *Глобална база на податоци на ПМГ*<br>• *Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)*<br>• *Преглед на Националната програмска стратегија* |
| 6.1. (6.3) Поттикнување на социјална инклузија | 6.1.1 Транспонирање (пренесување) на знаење за пристапност на социјално исклучените групи | • *Преод на информации, пренесување на знаење во соодветни форми за лесна пристапност на лицата со инвалидност, користењето на различни медиуми за трансфер на знаење*<br>• *Директен пристап преку специјално дизајнирани натпревари, менторство и програми за обука*<br>• *Промовирање на пристапот на волонтерската работа и работата со социјално исклучените групи*<br>• *Подигнување на свеста на младите и размената на знаење и повторување на позитивните случаи и научените лекции*<br><br>меѓусекторски<br>Најмалку 1 проект за натпревар во иновации за млади луѓе<br>10 подготвителни проекти со менторство и обука | • *Учество на 700 жени, млади, лица со инвалидност*<br>• *3 преведени/транспонирани материјали*<br>• *30 директни состаноци, програми за едукација и промоции*<br>• *10 подготвителни проекти* | • *Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови*<br>• *Глобална база на податоци на ПМГ*<br>• *Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)*<br>• *Преглед на Националната програмска стратегија* |

| 1<br>**Проектни компоненти на ОФ6** | 2<br>**Цели на НПС** | 3<br>**Активности** | 4<br>**Индикатори** | 5<br>**Начин за верификација** |
|---|---|---|---|---|
| | | (меѓусекторска со 7.1.2: Поддршка на програмите за менторство и обука)<br>1 проект за подигање на свеста и знаењето на младите | | |
| ПМГ ОФ6 Компонента 7:<br>*Платформи за размена на глобално знаење/умеење за граѓаните (насоки за "Грант+"):*<br><br>7.1 Електронска библиотека на локалните иновации е основана и обезбедува локален пристап до информации во околу 50 земји<br><br>7.2 Локалната "Југ-Југ" платформа за размена на иновации ја поттикнува "југ-југ" размената на глобални еколошки проблеми во најмалку 20 земји | *Врски помеѓу НПС и глобалните приоритети за електронската библиотека и SSC Платформа за размена на иновации*<br><br>*(т.е. примери на тестирани технологии, компаративна предност и искуства од националната ПМГ програма)* | Глобален приоритет за ОФ6<br><br>Меѓусекторски податоци во базата на податоци од страна на националните ПМГ тимови (НК и ПА) | *Целна квота на национални иновации за споделување и ширење на глобално ниво**<br><br>** Може да се извлекуваат примери од периодот на ОФ6, како и од претходните оперативни фази на ПМГ (вклучувајќи ги и националните програми за надградба )* | ПМГ Глобална база на податоци<br><br>Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)<br><br>Преглед на Националната програмска стратегија (НПС) |
| 7.1 Платформи за размена на глобално знаење/умеење | 7.1.1 Виртуелната мрежа на *зелено знаење* како фокусна точка и извор на информации, знаења и вештини во согласност со добрите еколошки практики<br>7.1.2 Поддршка на програмите за менторство и обука на нови НВО преку развој на проекти и процесот на пријавување за новата ОФ6<br>7.1.3 Поддршка на проекти за подигање на свеста во бизнис секторот за еколошките аспекти и нивната мотивација да преземат активности за заштита на животната средина<br>7.1.4 Проценка пред и по (ex-post) влијанието на досегашните ГЕФ ПМГ проекти; внатрешно создавање на долготрајно влијание на ГЕФ ПМГ, ефекти од мултипликација и одржливост на активностите | Најмалку 1 проект за воспоставување на виртуелната мрежа на зелено знаење меѓусекторски<br>1 проект за проценка на ex-post влијанието во пресек со 7.1.2. Поддршка на програмите за менторство и обука | • *воспоставена виртуелна мрежа на зелено знаење*<br>• *15 проекти го применуваат пристапот на менторство и обука*<br>• *60 одржани сесии за менторство и обука*<br>• *300 учесници*<br>• *10 бизниси вклучени во проектите*<br>• *20% придонес во бизнисот и за кофинансирање*<br>• *10 добри практики*<br>• *30 објавени материјали* | • *Извештај од проценката на ex-post влијанието*<br>• *Индивидуално известување за проектот по национални ПМГ тимови*<br>• *Глобална база на податоци на ПМГ*<br>• *Годишен извештај од мониторинг (ГИМ)*<br>• *Преглед на Националната програмска стратегија* |

## 5. План за Следење и Оценување (С&О)

ГЕФ ПМГ Македонија ќе продолжи со примена на принципот на мониторинг и евалуација на проектите како процес на учење преку кој се стекнуваат најдобри практики, научени лекции и го зголемува капацитетот на НВО-и за одржливо продолжување со активностите по завршување на грантот. Покрај јакнењето на капацитетите на НВО да користат С&О како алатка за поефикасно управување со активностите, на национално/програмско ниво, системот на С&О добива вредни информации за имплементација на програмата, целите и достигнувања на НПС и подобрување на проектниот дизајн и имплементацијата.

ГЕФ ПМГ Македонија, во текот на последните 10 години го воспостави системот на С&О на ниво на проектот и на ниво на програмата. Активностите за С&О на ГЕФ ПМГ се спроведуваат на две нивоа:

1. Програмско ниво - С&О на Националната програма и проектно портфолио на земјата
2. Проектно ниво - С&О во текот на подготовка на предлог проектот, негова имплементација и по завршување на проектот.

На ниво на проект, системот на С&О се состои од различни видови извештаи кои ги евидентираат напредокот на проектите, одговорноста и влијанието, редовната комуникација и обука на НВО-и низ целиот процес на развој на проектот, имплементација и периодот по проектот, како и посети на проектните локации и директни проверки на лице место.

Во текот на подготовката на проектот, ГЕФ ПМГ ќе бара од корисниците на грантот да поставaт реални и остварливи индикатори како дел од предлог-проектите и проектниот план за работа, врз основа на кој ќе се мери успехот на активностите на проектот. ГЕФ ПМГ Македонија препорачува поставување на еден (максимум два) индикатор за секој тематски фокус. Во текот на имплементацијата на проектот, Националниот координатор (НК) ќе врши директни посети на локацијата на проектот, средби со корисниците на грантови и релевантните засегнати страни во проектот, со цел да ја следи реалната имплементација на проектот и да ги потврди информациите содржани во извештаите на АК за напредокот на проектот. На крај се спроведува уште една посета на лице место, по приемот на конечниот извештај за проектот. Секоја посета на проектната локација завршува со евиденција на мониторингот, која се споделува со корисникот на грантот, што укажува на целта на посетата, забелешките, препораките и активностите кои треба да се преземат. Корисниците на грантот се должни да поднесуваат редовни периодични и финални наративни и финансиски извештаи за проектот; извештај од мониторингот, ревизорски извештај од независен консултант, како и ревизорски извештај. По завршувањето на проектот, се спроведуваат пост-проектни посети на локацијата проследени со пост-проектни извештаи.

На програмско ниво, информациите и индикаторите, добиени од С&О на проектот, редовно се потврдуваат, систематизираат и евидентираат во глобалната база на податоци на ГЕФ ПМГ, а истите се сумирани во Националните годишни извештаи (ACR). За резултатите од С&О на програмата, редовно се комуницира со регионалниот тим на НУК, ЦТМП /UNOPS, невладините организации и јавноста. Наодите од С&О се користат за да се забележи напредокот и придонесот на програмата кон исходите на НПС и да се преземат соодветни адаптивни мерки за управување, доколку има потреба.

Може да се организираат работилници за развој на капацитетот и обуки за С&О во однос на иновативните техники за мониторинг на заедницата, вклучувајќи ги и новите технологии (односно GPS фото апарати, воздушни фотографии, партиципативен ГИС, итн.), и како одговор на насоките за интервенциите на ГЕФ во централните области, и други специфични барања од донаторот/за кофинансирање. За да се добие исплатливост на трошоците, активностите на С&О на ниво на проект, вклучувајќи и посети на проектната локација, се спроведуваат и на дискрециона основа, врз основа на

внатрешно проценети критериуми, вклучувајќи (но, не и ограничувајќи се) на големината и комплексноста на проектот, потенцијалните и реалните ризици и параметрите за безбедност.

Покрај тоа, ГЕФ ПМГ во ОФ6 има намера да ја лансира студијата од "*ex-post*" проценката на влијанието со цел да се добијат подетални информации за долготрајното влијание на ГЕФ ПМГ, ефектите од мултипликација и одржливост на активностите, потенцијалот за повторување и надградба и да се обезбедат можности за извлекување и пренесување на научените лекции и најдобрите практики. Студијата треба да биде организирана на партиципативен начин, со пристапот на користење фокус групи, со комбинирање на претходни корисници на грантови со потенцијалните програмски партнери на НВО.

Табела 5. План за С&О на ниво на Националната програма

| С&О **активност** | **Цел** | **Одговорни страни** | **Извор на буџет** | **Тајминг** |
|---|---|---|---|---|
| Елаборат за националната програмска стратегија | Рамка за идентификација на локални проекти | НК, НУК, засегнати страни во државата, корисник на грантот | Опфатено со подготвителен грант | На почеток на оперативната фаза |
| Годишен преглед на националната програмска стратегија | Учење: адаптивно управување Периодично ажурирани и одобрени од страна на ЦТМП, НПС служи како упатство за спроведување на ГЕФ ПМГ во Македонија | НК, НУК, ЦТМП | Опфатено во рамките на националната програма за оперативни трошоци | Ќе се извршуваат прегледи на годишна основа[17] за проверка дали НПС е на добар пат во остварувањето на исходите и целите, и донесување одлуки за било какви ревизии или потребите на адаптивно управување |
| НПС Состаноци за тековниот преглед на проектните резултати и анализа; | Да се процени ефикасноста на сите проекти, портфолија, пристапи; учење; адаптивно управување. Членовите на НУК го следат развојот, усвојувањето, периодичните ревизии и спроведувањето на НПС, преглед на годишниот план за работа, следење на статусот на одобрените проекти, учество во сите посети на лице место со НК (ако е применливо/по потреба) итн. | НК, НУК, УНДП | Опфатено во рамките на националната програма за оперативни трошоци | Минимум еднаш годишно, еден посветен на С&О и на адаптивното управување, на крајот на годината од грантот |
| Процес на ревизија на проектот на НПС | Осигурете се дали постапката/ алатката SESP го применува SES на ниво на проектот | НК, НУК, УНДП | Опфатено во рамките на националната програма за оперативни трошоци | Во фазата на дизајнирање на проектот, оценување и спроведување |

[17] НПС е динамичен документ кој треба да се ревидира и ажурира, доколку НУК смета дека е потребно, на периодична основа, како дел од прегледот на годишната стратегија.

| С&О **активност** | **Цел** | **Одговорни страни** | **Извор на буџет** | **Тајминг** |
|---|---|---|---|---|
| Национален годишен извештај (ACR)[18] | Да се овозможи ефикасно известување на НУК | НК презентира на НУК | Опфатено во рамките на националната програма за оперативни трошоци | Еднаш годишно во јуни |
| Годишен извештај од мониторингот (AMR)[19] Анкета (врз основа на ACR) | Да се овозможи ефикасно известување на ЦТМП и GEF; презентирање на резултатите на донаторите | НК поднесува на ЦТМП | Опфатено во рамките на националната програма за оперативни трошоци | Еднаш годишно во јули |
| Преглед на стратешкото национално портфолио | Учење; адаптивно управување на националната програма за стратешки развој | НУК | Опфатено во рамките на националната програма за оперативни трошоци | По еднаш по оперативна фаза |
| Студии, Завод за статистика, национални планови за комуникација и акција итн. | Споредбена проверка со други достапни извори | НК, НУК | Опфатено во рамките на националната програма за оперативни трошоци | По потреба |

[18] Националната програма треба да се разгледува во консултација со членовите на НУК, национални фокални точки на Конвенцијата од Рио и поврзаните барања за известување. Годишниот извештај за земјата треба да биде презентиран на состанок на НУК во јуни секоја година за преглед на напредокот и резултатите, и да се донесат одлуки за клучните адаптивни мерки и цели за следната година.

[19] Истражувањето на AMR во суштина се потпира на информациите презентирани од страна на земјата во Националниот годишен извештај (ACR) со неколку дополнителни прашања. Тоа ќе овозможи агрегација на параметрите на земјата од страна на CPMT за глобално известување.

## 6. План за мобилизација на ресурси

Во изминатиот период, ГЕФ ПМГ побара секој проект финансиран од ГЕФ да обезбеди дополнителни средства во домашна валута за да се покријат основните трошоци на проектот. До сега, со дополнителните трошоци се управуваше на таков начин што ПМГ ќе придонесе со 50% од потребните средства, надополнувајќи ги останатите 50% од други извори на финансирање, од кои најмалку 25% треба да бидат во готовина и до 25% во натура.

ГЕФ ПМГ ќе продолжи да применува флексибилни принципи за придонес на проектот и за кофинансирање во согласност со проектот и специфичниот донатор/партнер. Истовремено, ќе се воведе флексибилност на различните модалитети, инструменти и услови за придонеси, вклучувајќи ги и добро познатите минати практики за кофинансирање, готовински придонес, во натура (стоки и/или услуги), споделување на трошоците, донации, споделување на трошоците на владата, паралелно финансирање, трошоци за поддршка, административни и управни трошоци итн. Начините и инструментите ќе бидат дискутирани и договорени меѓу засегнатите партнери врз основа на минатите искуства кои се докажаа како мотивирачки и стимулативни за други донатори да придонесат за ГЕФ ПМГ.

Напорите на ГЕФ ПМГ Македонија за мобилизирање на ресурси на ниво на проектот и на национално/глобално ниво на програма се насочени кон традиционалните претходни соработници, како што се: сопствениот придонес на НВО-и, единиците на локалната самоуправа и Владата на Република Македонија, приватниот и бизнис секторот (мултинационален и национален), традиционалните билатерални донатори (на пример, УСАИД, ГИЗ, директна помош од Владата итн.) и потенцијалните нови донатори како SDC, УНДП, претстојниот ИПА 2 проект за заштита на животната средина, проектите на УСАИД за климатски промени и Националната канцеларија на УНДП, мултилатерални агенции во рамките на и надвор од системот на ОН, други иновативни извори на финансирање, вклучително и банки (на пр. Светска банка, KfW, EBRD, итн.), меѓународни и национални добротворни фондации и академски институции (локални/ регионални универзитети). Покрај тоа, финансии и синергија се достапни преку програмата на ЕУ Хоризонт 2020 за истражување и иновации и INTERREG, Организацијата на ОН за храна и земјоделство (ФАО), итн.

Постои континуитет во обидот да се искористат ресурсите од UNDP TRAC и во споделување на трошоците со Владата за ПМГ активности и проекти (во прилог на распределбата на STAR), и не само во програмите за заштита на животната средина, туку и во програмите за развој, намалување на сиромаштијата, како и други програми за управување. Параметрите на членовите на НУК преку нивните контакти и вмрежувањето за мобилизација на ресурсите е пожелно, но и од најголемо значење. ГЕФ ПМГ Македонија ќе создаде и ќе направи да биде јавно достапна малата база на податоци на сите донатори кои придонесуваат за активностите на ПМГ во Македонија и истите ќе бидат ажурирани периодично.

ПМГ се смета за партнер, како и можен актер во ВМФ од ОФ5: "Постигнување заштита на биолошката разновидност преку креирање и ефикасно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирањето на користење на земјиштето". По 10 годишно присуство на ПМГ во Македонија, невладините организации и локалните самоуправи ја сфатија важноста и потребата за кофинансирање, со што се постигнува сопственост и подобро управување со имплементацијата и одржливост на резултатите. Оваа практика, најверојатно, ќе продолжи. Преговорите со Министерството за животна средина се во завршна фаза, за ГЕФ ПМГ Македонија да добие приближно 500.000 $ од STAR6.

## 7. ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

### 7.1 Идентификувани ризици, проценка на степенот и веројатноста на ризик и мерки за ублажување на ризиците

Табела 6. Опис на идентификувани ризици во ОФ6

| Опис на идентификуваниот ризик | Степен на ризик (низок, среден висок) | Веројатност за ризик (ниска, средна, голема) | Предвидена мерка за ублажување |
|---|---|---|---|
| Потенцијални социјални, економски и еколошки ризици поврзани со предложениот проект | низок<br>среден<br>(пределен пристап и агро-екологија) | ниска<br>средна<br>(пределен пристап и агро-екологија) | Да се соберат информации и спроведе пред-скрининг во фазата на дизајнирање на проектот и задолжителен краен скрининг при проценката (да се оценат социјалните, економските и еколошките ризици при дизајнирање и оценување на проектот)<br>Да се обезбеди план за ублажување на ризикот, како дел од планот на проектот и да се обезбеди постојана согласност со СЕС во текот на имплементацијата |
| Проектните активности, опремата и инфраструктурата може да ја зголемат изложеноста на заедницата на ризици и влијанија | низок<br>среден<br>(обновливи извори на енергија и агро-екологија) | ниска<br>средна<br>(обновливи извори на енергија, управување со хемикалии и органски отпад и агро-екологија) | Да се процени безбедноста на погодените заедници во текот на дизајнирање на проектот<br>Да се обезбеди план за безбедност на заедницата како дел од проектниот план |
| Безбедност и здравје при работа | низок<br>среден<br>(обновливи извори на енергија и агро-екологија) | ниска<br>средна<br>(обновливи извори на енергија, управување со хемикалии и органски отпад и агро-екологија) | Да се обезбеди план како дел од проектниот план за заштита на работниците од несреќа, повреда или болест поврзани со изложеност на опасностите со кои се сретнуваат на работното место, особено во случај на придонеси во натура |
| Екстремни временски појави;<br>зголемен ризик од катастрофи со силно влијание | среден | голема | Идентификација на проектните компоненти кои се чувствителни или ранливи на климатските промени<br>Разгледување и усвојување на мерки за намалување на ризикот за погодените проекти<br>Разгледување и одобрување ревитализација на погодените заедници, по потреба и доколку има капацитет за тоа |
| Дебаланс во рамките на тематските фокуси, недостаток на квалитетни предлог проекти и капацитет на НВО | низок | средна | Дополнителна промоција и состанок за консултации со НВО-и<br>Воведување на пред-физибилити грант<br>Промовирање на пристапот на менторство<br>Преглед на Стратегијата |
| Недоволна еколошка свест и свест за животната средина и јавно учество во програмата. | среден | средна | Дизајнирање на едукација по мерка, промоција и пристапи на подигање на јавната свест |
| Недостаток на финансиски средства | среден | средна | Одредување приоритет на проекти со поголем придонес<br>Промовирање на придонес и кофинансирање |
| Слабо учество на социјално исклучени групи | низок | средна | Дополнителна промоција, директни консултации со претставникот на НВО и застапување на социјално исклучените групи<br>Воведување на пред-физибилити грант<br>Промовирање на пристапот на менторство |

Планот за проценка на ризикот и планот за управување ќе биде воведен како задолжителен во предлог проектот за идентификувани ризици на НПС, со посебен фокус на идентификуваните тематски фокуси и потенцијалните проектни активности. Покрај тоа, НУК врз основа на стручност, ќе го процени потенцијалниот ризик и квалитетот на планот за управување со ризици и врз основа на наодите ќе даде инструкции на корисниците на грантови.

## 8. Одобрување од Националниот Управувачки Комитет

***Забелешка: Потписот на одобрување во овој момент се однесува на комплетна и конечна НПС, темелно прегледана од страна НУК и прифатена како водич за имплементација на ОФ6 од Националната ПМГ програма.***

| NSC members involved in OP6 CPS development, review and endorsement | Signatures |
|---|---|
| Mr. Blinkov Ivan | |
| Ms. Bogatinova Tanja | |
| Ms. Gligorova Ljupka | |
| Ms. Golceva Zaklina | |
| Ms. Indova Vesna | |
| Ms. Kodzoman Anita | |
| Mr. Matevski Vlado | |
| Mr. Mukaetov Dusko | |
| Ms. Popovska- Vasilevska Sanja | |
| Mr. Tushi Bardhyl | |
| Mr. Trajkovski Goran | |
| Mr. Zenki Vullnet | |